РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО
СУ03.бр.38/2021
04.02.2021 година
К и ч е в о

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИОТ СУД КИЧЕВО

## ЗА 2020 ГОДИНА

**КИЧЕВО ФЕВРУАРИ 2021 ГОДИНА**

# ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО

## ВОВЕД

ОСНОВНИОТ СУД ВО КИЧЕВО како самостоен и независен државен орган во рамките на судскиот систем и во 2020 година ја вршеше својата судска функција врз основа на Уставот, Законите и Меѓународните договори, ја обезбедуваше примената на правото, заштитата на човековите слободи и права во рамките на својата основна надлежност од Јануари 2020г. со проширена надлежност.

Со презентацијата на овој Годишен извештај, се остварува принципот на транспарентност во извршување на неговите функции, заради информирање на јавноста за сите аспекти на функционирањето на судот како битен сегмент на судската власт, како би се зголемила правната сигурност и довербата во правосудниот систем на Република Македонија .

Согласно основната надлежност во извештајната 2020 година за работата на Основниот суд во Кичево во овој извештај ке бидат дадени податоци за обемот за работата на судот за 2020 година, ажурноста во работењето на судот, квалитетот за работата на судот.

Овој извештај е правен врз основа на податоците добиени од АКМИС системот.

## ОБЕМ НА РАБОТА

Обемот на работа во судот ги опфака предметите за работа од целокупната стварна надлежност на судот прикажани преку сумарниот преглед на предметите по области, опис на предметите по области, нерешени предмети од претходната година, примени предмети во 2020 година, вкупно предмети во работа во 2020 година, решени предмети во 2020година и односот на намалувањето односно зголемувањето на незавршени предмети на 31.12.2019 година во однос на нерешени предмети на 31.12.2020 година.

## ДВИЖЕЊЕ НА ОБЕМОТ НА РАБОТА ВО СУДОТ

На 01.01.2020 година останати предмети од претходната година во овој суд има 1454 , примени нови во 2020 година има 11.686 предмет, 213 се повторно заведени предмети, 6 погрешно заведени предмети или вкупно во работа биле 13.347 , од кои решени се 11.296 предмети, или 84,63%, а останале нерешени 2051 предмети или 15,36%.

Од горните показатели следува, дека судот со ново примените предмети 11.893 и решените 11.296 не го совладал тековниот прилив и го зголемил заостатокот на предметите за 597 предмети .

## ДВИЖЕЊЕ НА ОБЕМОТ НА РАБОТА НА СУДОТ

### ОПРЕДЕЛЕНИ ДЕЈСТВИЈА ВО ПРЕДХОДНА ПОСТАПКА

Примени во 2020 година има 109 предмети или вкупно во работа во 2020 година имало 109 предмети (К-ПП), завршени се вкупно 109 предмети, или 100% .

### КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ ПОЛНОЛЕТНИ ЛИЦА

Од 2019 година од овој вид на предмети останале нерешени 31 предмети, ново примени во извештајната 2020 година се 310 предмети и 8 повторно заведени предмети или вкупно во работа биле 349 предмети од нив се решени 282 предмети, или 80,80 %, а останале за решавање уште 67 предмети против полнолетни лица или 19,19%.

Споредбено со претходната година кога имало во работа 224 кривични предмети за полнолетни лица , во извештајната година тој број е зголемен за 125 предмет кое нешто и беше очекувано поради враќањето на надлежноста.

### КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ МАЛОЛЕТНИ ЛИЦА

Ново примени во извештајната 2020 година се 22 предмети или вкупно во работа биле 22 предмети од нив се решени 6 предмети, или 27,27 %, а останале за решавање уште 16 предмети против малолетни лица или 72,72%.

## РАЗНИ КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ

Во извештајната година овој суд постапувал и по разни кривични предмети во кој спаѓаат: кривичните замолници, во работа биле 12 и истите се решени во извештајната година, разни истражни дејствија и кривични предмети по уписник „КР„ одлуки на кривичен совет „КС„ условен отпуст , помилување, вонредно ублажување на казна, вонредно преиспитување на правосилна пресуда и повторување на кривичната постапка, во извештајната година од овој вид на предмети- одлуки на кривичен совет „КС, вкупно во работа биле 216 предмети од кој решени

се 208 предмети, или 96,29%, а останале за решавање уште 8 предмети или 3,70%.

## ПРЕКРШОЧНИ ПРЕДМЕТИ

На 01.01.2020 година останале нерешени 92 предмети. Ново примени во работа во извештајната година се 1100 предмети и 7 повторно заведени предмети или вкупно во работа биле 1199 прекршочни предмети.

Во 2020 година се решени 918 предмети или 76,56%, предмети, а останале за решавање уште 281 предмети или 23,43%.

Споредбено со претходната година кога имало во работа 1407 прекршочни предмети , во извештајната година тој број е намален за 206 предмети.

## ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ

На 01.01.2020 година останати незавршени предмети биле 81 ,ново примени во текот на извештајната година има 1378 предмети или вкупно во работа биле 1456 предмети, од кои решени се 1350 предмети, или 92,71%,а останати се за решавање 106 предмети или 7,28%.

На ниво на кривичен оддел може да се констатира дека во претходната година останале нерешени 207 предмети, ново примени предмети во кривичен оддел се 3129 предмети , повторно заведени предмети се 18 ,3 погрешно заведени или вкупно во работа во извештајната година биле 3351 предмети, од кои решение се 2873 предмети, или 85,73%, а останале нерешени 478 предмети, или 14,26%.

## ГРАЃАНСКА ОБЛАСТ

На 01.01.2019 година останале нерешени 894 предмети, ( спорови од мала вредност, имотни спорови-основна надлежност, семејни спорови, работни спорови, платни налози по приговор, физички делби, останати ВПП предмети, О1 предмети , приговори против налог за извршување и повторување на постапка),примени во извештајната година се 1249 предмети, повторно заведени предмети се 193 ,3 погрешно заведени или, или вкупно во работа биле 2333 предмети, од кои решени се 1142 предмети, или 48,94 % а останале за решавање уште 1191 предмети, или 51,05%.

Може да се констатира дека во овој оддел има намалување на приливот на предметите од предходната година.

## ВОНПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ

На 01.01.2020 година останале 350 предмети ( разни вонпарнични предмети, ЗАВ Х апостили, ЗАВ ,Замолници, оставини решени од нотар,) а примени во извештајната година се 2986 или вкупно во работа биле 3336 предмети, од кои решени се 2955 предмети, или 88,57 %,( 981 разни вонпарнични предмети, 25 издадени дозво , 1541 ЗАВ-Х апостили, 7заверки , 21 замолници, 380 оставински предмети), а останале за решавање уште 381 предмети или 11,42%.

## АДМИНИСТРАТИВНА РАБОТА НА СУДОТ

Во текот на на извештајната 2019 година, биле во работа вкупно 877 предмети( предмети од СУ.СУ ДОВ.СТ.ДОВ.,изземање на судија, слободен пристап до информации , преставки и поплаки) и сите се решени. Согласно законските овластувања и одредбите од Судскиот деловник по истите постапува Претседателот на судот .

| Судска Управа | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на предмет од уписник | Нерешени предмети на почетокот на годината | Новопримени предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
| Су - Су-07 | | 784 | | 784 | 784 | |
| Су-ДОВ и СУ-СТРДОВ | | | | | | |
| СУ-ИЗЗ | | 59 | | 59 | 59 | |
| УПП | | 9 | | 9 | 9 | |
| СПИ | | 25 | | 25 | 25 | |
| Вкупно | | 877 | | 877 | 877 | |

АЖУРНОСТ

## АЖУРНОСТ НА СУДОТ

Совладувањето на приливот на предметите, времето на решавање на предметите, бројот на старите нерешени предмети и месечниот заостаток на предметите ја чини ажурноста на судот.

а) Според критериумот совладување на приливот на предметите судот се смета за ажурен ако го совлада приливот на предметите во текот на годината.Од прегледот може да се заклучи дека од приливот во текот на годината во Основниот суд Кичево и тоа 11893 предмети, решени се 11296 предмети или 94,98 %,што значи дека во извештајната година овој суд работел неажурно и не го совладал приливот.

б) Ажурност спрема бројот на стари нерешени предмети.

Спрема овој критериум за стари нерешени предмети се сметаат незавршените предмети кој за прв пат се заведени пред 2 години сметано од извештајната година.

Стари нерешени предмети во кривичен оддел има само 5 предмети КУИКП , во граѓански оддел 81 предмети (8 облигациони , 21 имотни спорови, 9 мала вредност,17 вонпарнични предмети , 11 физички делби, 2 семејни ,1 платен налог по приговор), и 98 оставини кои се кај нотарите. На почеток на 2020 год. останати старите предмети имало 55 (без оставини), новопримени се 113 ,вкупно во работа биле 168 предмет од кои се решени 82, а останале за решавање 86 предмет, што значи дека спрема овој критериум овој суд не е ажурен.

## КВАЛИТЕТ НА РАБОТА НА СУДОТ

### -КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ ПОЛНОЛЕТНИ ЛИЦА

Од вкупно решените 282 предмети , се обжалени 52 одлуки, или 18,43% а вратени предмети од второстепениот суд се 29 предмети или 10,28%, од кои , потврдени се 24 предмет или 82,75,%, укинати 2 предмети или 6,89%, преправени 2 предмети или 6,89 %, .

Соодносот на укинатите и преиначените предмети во однос на решените во овој оддел , е следен : од вкупно решените 282 предмети укинати се 2 предмети или 0,70%, а преиначени е 2 предмети или 0,70%.

### ПРЕКРШОЧНИ ПРЕДМЕТИ

Од вкупно решените 918 прекршочни предмети обжалени се 55 или 5,99%, а вратени од второстепениот суд се 54 предмети или 5,88 %, од кои , потврдени се 35 предмети, или 64,81%, укинати 7 предмети или 12,96% , преиначени 11 предмети или 20,37% и 1 со одлука отфрлена или 1,85%.

Соодносот на укинатите и преиначените предмети во однос на решените во овој оддел е следен : од вкупно решените 918 предмети укинати се 7 предмети или 0,07%, а преиначени се 11 предмети или 1,19%.

| Квалитет на предмети на ниво на оддел-кривичен | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Решени предмети | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | |
| Број | Број | % | Број | % | Број | % |
| 1523 | 79 | 5,18 | 10 | 0,65 | 14 | 0,91 |

## ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

### ПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ

Од вкупно решените 979 предмети ( спор од мала вредност, имотни спорови, облигациони спорови, работни и семејни спорови, приговор против платен налог, повторување на постапка,трговски спор приговор против налог за извршување,стечај )обжалени се 368 предмети, а вратени од второстепениот суд се 447 предмети или 46,06%, од кои , потврдени се 274 предмети, или 61,29 %, укинати 120 предмети или 26,84%,46 предмети се преиначени или 10,29%, делумно укинати 7 предмети или 1,56% .

Соодносот на укинатите и преиначените предмети во однос на решените во овој оддел е следен : од вкупно решените 979 предмети укинати се 120 предмети или 12,25%, а преиначени се 46 предмети или 4,69%.

### ВОНПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ

Од вкупно решените 163 предмети(физички делби , ВПП предмети оставина по приговор), обжалени се 39 предмети, а вратени од второстепениот суд се 49 предмети, од кои потврдени се 29 предмети или 59,18 %, 2 предмети преиначени или 4,08 %, 16 предмети се укинати или 28,57%, 2 предмети со одлука делумно укината или 4,08 %.

Соодносот на укинатите во однос на решените во овој оддел е следен : од вкупно решените 163 предмети, укинати се 16 предмети или 9,81%, и 2 преиначени или 1,22%.

| Квалитет на предмети на ниво на оддел-граѓански | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Решени предмети | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | |
| Број | Број | % | Број | % | Број | % |
| 1142 | 303 | 26,53 | 136 | 11,90 | 48 | 4,20 |

| Квалитет на предмети на ниво на суд | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Решени предмети | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | |
| Број | Број | % | Број | % | Број | % |
| 2665 | 382 | 14,33 | 146 | 5,47 | 62 | 2,32 |

Во извештајната година судот ја започна годината со 8 судии но во месец февруари 2020 еден судија користеше боледување цела година па, така судот работеше со 7 судии вклучувајќи го и Претседателот на судот., носителите на судската функција ги исполнија задолжителните часови во Академијата за обука на судии и јавни обвинители и нивни заменици. Исто така дел од судската администрација посети неколку обуки организирани од страна на Академијата.

## ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

По однос на информатичката опрема треба да се напомене дека и во 2020 година се подобри состојбата со компјутерската опрема и се набавија 9 персонални компјутери и 1 лаптоп.

По однос на примена на програмски апликации во судот, се применуваат апликации кои ќе доведуваат до олеснување на работењето на сите вработени .

По однос на просторните услови за работа на овој суд ,треба да се спомене дека има потреба од воведување шалтерски систем кое барање беше доставено до Судски буџетски совет, веќе неколку години Наназад, од друга страна има потреба од менување на канцелариският мебел во сите просториите, бидејќи истиот е застарен и оштетен. Пет простории од судската зграда користат ОЈО Кичево и ДП Кичево па доколку се изнајде решение за ослободување на овие простории состојбата значително би се подобрила.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА СУДОТ

Во текот на извештајниот период Основниот суд во Кичево обезбедуваше средства за своето работење од страна на Буџетот на Република Македонија. Овде треба да се напомене дека по однос на материјално финансиското работење, почетното салдо на неизмирени обврски пренесени од 2019 година изнесуваше 3.019.379,00 денари, (од кои 2.656.847,00 ден.се обврски од плата , а останатиот дел на износ од 362.532,00 ден. се однесуваат на неизмирени обврски од фактури и решенија) а 20120 ја завршивме со неизмирени обврски од 2.600.811,00 денари, (од кои 2.481.963,00 ден.се обврски од плата , а останатиот дел на износ од 118.848,00 ден. се однесуваат на неизмирени обврски од фактури и решенија ).

Споредбено со 2019 година, во 2020 година салдото на неизмирените обврски е намалено.

Во тековната година извршена е реализација во вкупен износ од 34.107.198,00ден.

## ОСТАВИНСКИ ПРЕДМЕТИ

Вкупно во работа биле 743 предмети од кои 380 предмети се решени од страна на повереницитe на судот –Нотарите.

## ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

По однос на човечките ресурси односно административниот персонал вкупно вработени во извештајната година се 56 вклучувајќи ја судската полиција како и вработените согласно Закон за работни однос, или вкупно 48 административен персонал и 8 судии.

Напоменуваме дека голем број на административниот персонал е во поодминати години, па во извештајната година две лица заминаа во пензија, едно лице почина и 4 лица ја напуштија работата , а постојано имаше лица кои беа на боледување. Има недостатокот од судски административен персонал дактилографи иако согласно систематизација ни се предвидени 15 работни места, а пополнети се 8, повеќе пати баравме до Стручната служба при Судскиот буџетски совет да ни одобрат вработување на ваков кадар,тоа нешто не се случи. Во извештајната година беа реализирани вработувања на 3 извршители -1 виш референт,1 самостоен судски референт –Технички секретар на Претседателот на судот и 1 помлад судски референт –доставувач и тоа со обнова на финансиски средства од 2019год. во 2020г.

Согласно систематизацијата за работни места предвидени се 38 работни места за судски службеници со 153 извршители за тие работни места , вклучувајќи ги тука судската полиција и вработените согласно законот за работни односи, па сметаме дека во текот на 2021 година ќе треба да се пополнат поголем дел од нив, бидејќи од Јануари 2020 година овој суд работи со проширена надлежност

Треба да се има во предвид дека поголем дел од предвидените работни места не се потполнети, а посебно, судски администратор, раководните места , стручните работни места -советник, виш соработник, стручен соработник, а од административните не се пополнети работни места дактилографи, архивар, самостојни судски референти, судски референти извршители и други административно технички службеници за да може нормално и секојдневно да функционира судот.

Во извештајната година од предвидените 2 работни места судски советник пополнето е само едно, од предвидените 14 извршители за работни места стручни соработници пополнети се 6, а од предвидените 14 работни места помлад судски соработник пополнети се само 4. Стручниот кадар има придонес во работењето и е од големо значење , бидејќи истите многу придонесоа во спроведување на Акмис системот посебно во анонимизарање на одлуките, но постојниот број на судски службеници воопшто не овозможува истите ефикасно да ја помагаат работата на судијата бидејќи истите се распоредени да работат со двајца или повеќе судии.

## ОЦЕНКА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

Анализирајќи ја целокупната работа на судот за 2020 година може да се констатира дека и покрај сестраното ангажирање на судиите и судските службеници, како и судската адиминистрација во целина, Основен суд Кичево во 2020 не го совлада вкупниот годишен прилив на нови предмети , и го зголеми заостатокот на предметите.Ова нешто се должи на фактот што судот работеше од Јануари 2020 со проширена надлежност а само со 7 судии вклучувајќи го тука и Претседателот на судот, два судски службеници заминаа во пензија ,1 лице почина и 4 лица ја напуштија работата , зголемениот обем на работа , а од друга страна треба да се има во предвид и ситуацијата со вирусот Ковид 19, бидејќи подолг период судот работеше со намален број на вработени, редуцирано, голем дел од предметите се одлагаа поради состојбата а имаше и вработени кои беа заболени од вирусот.

ПРИЛОГ: Табели

Претседател на судот,
Амдије Зенку

# ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИ ВО СУДОТ КОИ НЕ СЕ ОПФАТЕНИ СО ОРИЕНТАЦИОНА НОРМА ЗА 2020 ГОДИНА

| | ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО | Нерешени предмети на почеток на месецот | Новопримени предмети | Повторно заведени предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмети | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Разни кривични дејствија (УОСК, КР, ЕК) | 3 | 3435 | | | 3438 | 3437 | 1 |
| | Замолници (ЗАМ-К) | | 12 | | | 12 | 12 | 0 |
| | Задолжително лекување (ЗЛ) | | | | | 0 | | 0 |
| | ИОИП (ДЗИК по стар) | | | | | 0 | | 0 |
| ВКУПНО КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | | 3 | 3447 | 0 | 0 | 3450 | 3449 | 1 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Разни парнични (РП) | | | | | 0 | | 0 |
| | Разни трговски предмети (РТС) | | | | | 0 | | 0 |
| | Разни предмети од работни спорови (РРО) | | | | | 0 | | 0 |
| | Разни предмети од платни налози (РПЛ) | | | | | 0 | | 0 |
| | Предмети вратени од нотар за надлежност (ОНАД) | | | | | 0 | | 0 |
| | Разни вонпарнични предмети (РВПП) | 7 | 983 | | | 990 | 981 | 9 |
| | Заверки на договори надвор од суд (ЗАВ1) | | | | | 0 | | 0 |
| | Признавање на странски судски одлуки по приговор (ПСО1) | | | | | 0 | | 0 |
| | Уписник за правна помош (ПОМ) | | | | | 0 | | 0 |
| | Уписник за заштита поради незаконити дејствија (ЗНД) | | | | | 0 | | 0 |
| | Регистрација на политички партии (РПП) | | | | | 0 | | 0 |
| | Регистрација на верски заедници (РВЗРГ) | | | | | 0 | | 0 |
| | Уписник за изрекување парични казни на должник (ИПКД, ИПКС) | | | | | 0 | | 0 |
| | Уписник за изрекување парични казни до УЈП (ИПК) | | | | | 0 | | 0 |
| | Издадени дозволи за дејствија во стан на должник(ИДС) | | 30 | | | 30 | 25 | 5 |
| | Одземање на дете по закон за семејство (УИОД | | | | | 0 | | 0 |
| | Заверки (ЗАВ) | 1 | 7 | | | 8 | 7 | 1 |
| | Извршување по закон за семејство (ИЗС) | | | | | 0 | | 0 |
| | Противизвршување (ПИ, ППИ) | | | | | 0 | | 0 |
| | Платни налози без приговор (ПЛ, ПЛ-ТС) | | | | | 0 | | 0 |
| | Жалби против решенија од нотар (ПЛЖ) | | 1 | | | 1 | | 1 |
| | Разни граѓански предмети (Р) | | | | | 0 | | 0 |
| | Замолници од државни органи (ЗАМ-С) | 6 | 17 | | | 23 | 21 | 2 |
| | ЗАВ-Х Апостиле | | 1541 | | | 1541 | 1541 | 0 |
| | Заверки за недвижности во судот (ЗАВ НД) | | | | | 0 | | 0 |
| | Оставина решена од нотар (О) | 336 | 405 | 2 | | 743 | 380 | 363 |
| ВКУПНО ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | 350 | 2984 | 2 | 0 | 3336 | 2955 | 381 |
| СУДСКА УПРАВА | СУ (СУ; СУ-1; СУ-2; СУ-3; СУ-4; СУ-5; СУ-6; СУ-7) | | 809 | | | 809 | 809 | 0 |
| | ИЗЗ | | 59 | | | 59 | 59 | 0 |
| | СУ-ДОВ; СУ-СТР ДОВ | | | | | 0 | | 0 |
| | УПП | | 9 | | | 9 | 9 | 0 |
| ВКУПНО СУДСКА УПРАВА | | 0 | 877 | 0 | 0 | 877 | 877 | 0 |
| СЕ ВКУПНО | | 353 | 7308 | 2 | 0 | 7663 | 7281 | 382 |

Претседател на судот
Амдије Зенку

## ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИ ВО СУДОТ КОИ СЕ ОПФАТЕНИ СО ОРИЕНТАЦИОНА НОРМА ЗА 2020 ГОДИНА

| ОСНОВЕН СУД -КИЧЕВО | | Нерешени предмети | Новопримени | Повторно заведени | Погрешно заведени | Вкупно предмети | Вкупно решени | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Кривично полнолетни (К) | 31 | 310 | 8 | | 349 | 282 | 67 |
| | Кривично малолетни (К) | | 22 | | | 22 | 6 | 16 |
| | Истраги-основна надлежност (КИ) | | | | | 0 | | 0 |
| | Истражни дејствија (ОИД, КРИ, КУЗЛС) | | 108 | 1 | | 109 | 109 | 0 |
| | Прекршоци (ПРК-С, ПРК-Ј, ПРК-О, ПРК-М) | 92 | 1100 | 7 | | 1199 | 918 | 281 |
| | Повторување на постапката (КПОВ) | | | | | 0 | | 0 |
| | Петорка | | | | | 0 | | 0 |
| | Кривичен совет ( КС, КУК, КП, КСП, КС-КР, КСМ, | 3 | 211 | 2 | | 216 | 208 | 8 |
| | Извршување на санкции (ИПРК, КУИКП, КУИКМ, ИКС, НУИ-ПКпо стар уписник, ИКП | 81 | 1378 | | 3 | 1456 | 1350 | 106 |
| ВКУПНО КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | | 207 | 3129 | 18 | 3 | 3351 | 2873 | 478 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Спорови од мала вреднсот (МАЛ-ВП; М | 318 | 264 | 68 | 1 | 649 | 353 | 296 |
| | Спорови од областа на сопственоста, облигациите и наследувањето (П; П1; П3; П4) | 158 | 197 | 33 | | 388 | 170 | 218 |
| | Семејни спорови (П2) | 40 | 145 | 4 | | 189 | 133 | 56 |
| | Работни спорови (РО) | 290 | 359 | 41 | 1 | 689 | 222 | 467 |
| | Трговски спорови (ТС) | | 6 | | | 6 | 3 | 3 |
| | Платни налози по приговор (ПЛ1-П; Л1-ТС) | 14 | 69 | 9 | 1 | 91 | 44 | 47 |
| | Оставински предмети решени од судот (О1) | 2 | 3 | | | 5 | 4 | 1 |
| | Физичка делба (ВПП1) | 23 | 26 | 10 | | 59 | 21 | 38 |
| | Останати ВПП (ВПП; ПСО; ОДС; Р) | 36 | 121 | 27 | | 184 | 138 | 46 |
| | Стечај (СТ; СТС) | | 16 | | | 16 | 7 | 9 |
| | Ликвидации (Л) | | | | | 0 | | 0 |
| | Приговори (ППНИ) | 5 | 40 | | | 45 | 39 | 6 |
| | Мерки за обезбедување (ВПП2-С; ВПП-2Г; СОП; ВПП2) | | | | | 0 | | |
| | Повторување на постапката (ПЛПОВ-П, ПЛПОВ-С, ППОВ, ППОВ-1, ПОВ-ТС, | 8 | 3 | 1 | | 12 | 8 | 4 |
| ВКУПНО ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | 894 | 1249 | 193 | 3 | 2333 | 1142 | 1191 |
| СЕ ВКУПНО | | 1101 | 4378 | 211 | 6 | 5684 | 4015 | 1669 |

Претседател на судот
Амдије Зенку